ЈАВНО КОМУНАЛНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
"ВОДОВОД" п.о.
бр. 02-469/1
19.06.2018
БИТОЛА

Врз основа на член 15 т.10 од Статутот на ЈКП „Водовод" – Битола и чл. 27 од Деловникот за работа на У.О. член 13 став 1, 10 и 11 од Законот за утврдување на цени на водните услуги (Сл.весник на Р.М. бр. 7/16) и Решението од Регулаторната комисија за енергетика на Р.М. УП1 бр. 08-178/17 од 24.11.2017 год. Управниот одбор на ЈКП „Водовод" – Битола на седницата одржана на ден 19.06.2018 год. ја донесе следната:

О Д Л У К А

За измена и дополнување на Одлуката бр. 02-56/1 од 22.01.2018 год. за утврдување на тарифи за вода во ЈКП „Водовод" – Битола за регулиран период 2018 – 2020 год.

1. Се врши измена и дополнување на Одлуката бр. 02-56/1 од 22.01.2018 год. за утврдување на тарифи за вода во ЈКП „Водовод" - Битола за регулиран период 2018 -2020 год.

2. Согласно точка 1 од Одлуката се утврдува тарифа за вода по категории на корисници и тоа:

За 2018 год. - за домаќинства од 24.25 ден. на 27.00 ден. за 1м3

- за претпријатија од 45.00 ден. на 47,80 ден. за 1м3

За 2019 год. - за домаќинства од 27.00 ден. на 28.15 ден. за 1м3

- за претпријатија од 47,80 ден. на 48,60 ден. за 1м3

За 2020 год. - за домаќинства од 28.15 ден. на 29.35 ден. за 1м3

- за претпријатија од 48,60 ден. на 49.45 ден. за 1м3

3. Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се применува од денот на добивањето согласност од Советот на Општина Битола.

4. Примерок од Одлуката да се достави до Советот на Општина Битола, членовите на У.О. и потребните служби во ЈКП „Водовод" – Битола.

О б р а з л о ж е н и е

Управниот одбор на ЈКП „Водовод“ – Битола на седницата одржана на ден 19.06.2018 год постапувај ќи согласно Решението доставено од Регулаторната комисија за енергетика на Р.М. УП1 бр. 08-178/17 од 24.11.2017 год. до ЈКП „Водовод“ – Битола, за утврдување тарифа за вода за пиење за регулиран период 2018 -2020 год. одлучи како во диспозитивот на Одлуката.

Претседател на У.О.

Стојан Георгиевски